ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Изградба на мрежа од влезни линкови

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***




**Пишува:**
**м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**


Откако ќе купите домен и откако ќе ја поставите онлине првата страница од вашиот WEB, време е да започнете со изградба на мрежа од влезни линкови. Влезни линкови се оние линкови кои од други WEB страници водат кон вашата. Меѓусебното линкување постои откако постојат и првите WEB страни. Основната функција на линковите е преку нив посетителите да се движат низ Интернет мрежата. Со тоа WEB страните кои ќе обезбедат влезни линкови, преку нив ќе добиваат и посетители. Од денешен аспект, многу е тешко да се обезбедат квалитетни влезни линкови кои ќе носат и посетители.

Друга значајна улога на линковите произлегува од нивното вреднување од страна на Интернет пребарувачите. Имено, колку повеќе и колку поквалитетни влезни линкови има една WEB страна, толку поголемо значење и даваат пребарувачите, со што добиваат и повеќе посетители, бидејќи се повисоко рангирани во резултатите од пребарувањето. Ваквата улога на влезните линкови е голема, бидејќи поголем број посетители доаѓа преку пребарувачите отколку преку самите влезни линкови поставени на други WEB страни.

Поставувањето на влезните линкови треба да започне што поскоро, дури и пред да биде целосно направена WEB страната. Главна причина за тоа е WEB страната што побрзо да биде индексирана од Интернет пребарувачите, а еден од факторите на рангирање при пребарувањето е и староста на страната.

Постојат повеќе начини како да се обезбедат влезни линкови. Некои се повеќе ефективни некои помалку. Најдобар пристап е да се направи таканаречена мамка за линкови т.е. да се создаваат уникатни содржини кои што ќе привлечат внимане, со што другите уредници на WEB страни самите ќе поставуваат линкови кон нашата страна. Меѓутоа, ваквиот пристап не е остварлив во сите ситуации.

При обезбедувањето влезни линкови, битно е да се знае дека не сите линкови имаат вредност од аспект на пребарувачите. Вообичаен линк изгледа вака: <a href="http://www.webstrana.com">Tekst na linkot</a> . Доколку линкот е редиректиран, се наоѓа во јава скрипта, има нофоллоњ атрибут, или, пак, се наоѓа на страница која што не е индексирана, истиот нема вредност за пребарувачите. Во таков случај линкот би вредел само доколку преку него добиваме посетители.

Најлесен начин да се започне со изградба на влезни линкови е да се регистрираме на сродни по содржина форуми и во профилот да ја внесеме WEB адресата на нашата страна доколку тоа е дозволено. Пожелно е во форумот да дискутираме и доколку може, во потписот да ја вметнеме WEB адресата. Исто така, може да коментираме и на сродни блогови, преку кои може да добиеме нови посетители. Треба да се напомене дека пребарувачите, линковите во потписите на форумите и блоговите даваат се помала вредност, или, пак ,воопшто не ги индексираат. Во принцип, колку е полесно да се обезбеди линк, толку помала вредност има истиот кај пребарувачите, но за почеток и таквите линкови се значајни.

Друг начин да се обезбедат линкови е да се направи размена со други сродни WEB страни. Притоа, може директно да се понуди размена на WEB страната или да се приклучиме кон некоја од бесплатните програми за размена како, на пример, линкметро.цом. При размена на линкови треба да се внимава да не се разменуваат линкови со WEB страни казнети од пребарувачите за неетички активности, т.е. обиди за манипулација со резултатите од пребарувањето. Затоа треба да размениме линкови со не повеќе од 20 други сродни страници и редовно да проверуваме дали се во индексот на пребарувачите и дали имаат Google PageRank поголем од 0.

Доколку имате афинитет за пишување, преку програмите за размена на WEB статии можете да обезбедите квалитетни влезни линкови. Пишувајте статии тематски поврзани со вашата WEB страна и истите редовно објавувајте ги на езинеартицлес.цом. Со тоа, не само што ќе добиете влезни линкови од EzineArticles , туку може и други уредници да се заинтересираат за вашите статии и да ги преземат на своите страни, при што се обврзани да го остават и вашиот линк.

Изградбата на мрежа од влезни линкови е тежок и континуиран процес. Постојат многу начини како да се обезбедат линкови, но нивното значење со тек на времето се менува, а исто така се појавуваат и нови форми. Така, на пример, програмата за купување линкови на text-link-ads.com, освен што носеше квалитетни посетители, имаше и соодветна тежина кај пребарувачите, но од скоро нивното значење е релативизирано.

За да обезбедите линкови можете да ги искористите македонските директориуми како org.mk, newpages.com.mk, zk.com.mk, pogodok.com.mk и други. Обидете се да обезбедите линк и од dmoz.org. Исто така, не заборавајте доколку имате пријател кој што уредува некоја web страна, да го замолите да постави еден линк и кон вашата, со што може многу да ви помогне.


**Следниот четврток:**
**Електронска препродажба - Афилијација**